ОПШТИНА ПРОБИШТИП
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.1*2210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 10–283/4 од 20.11.2026 год.
Пробиштип

Врз основа на член 50 став (3), (4), (5) и (11) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ"бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26 и бр.212/26 год.) и донесената Годишна програма за урбанистичко планирање на Општина Пробиштип за 2026 година, со Одлука Бр.26-1101/10 од 09.12.2025 год., објавена во („Сл.Гласник на Општина Пробиштип Бр.12/25 год.„), донесена од страна на Советот на Општина Пробиштип, Градоначалникот на Општина Пробиштип го дава следното

С О О П Ш Т Е Н И Е - П О В И К
за спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 9.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, за плански период (2024-2029)

Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Пробиштип дека се организира **Јавна презентација и Јавна анкета** по **Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 9.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип,** за плански период **(2024-2029), со Тех.Број 136/2024 од Март 2025**, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје.

Член 2

Опфатот на **Нацрт планот за Детален урбанистички план за Урбан Блок 9.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип,** со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Пробиштип сместен во источниот дел на град Пробиштип. Локалитетот претставува делумно изградено земјиште и се наоѓа приближно на 1,4 км од централното градско јадро.

Планскиот опфат за предметниот план Детален урбанистички план за Урбан Блок 9.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип е дефиниран со следните граници:

- **На запад** границата се движи по осовина на новопланирана сервисна улица 1 и новопланирана станбена улица 1;
- **На север** границата се движи по осовина на новопланирана сервисна улица 3 и новопланирана станбена улица 2;
- **На југ** границата се движи по осовина на новопланирана сервисна улица 2;
- **На исток** границата се движи по границата на ГУП на Град Пробиштип.

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.1*2210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk

Вкупната површина на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува П= 7,296 ха (72964.3734 м^2) со Периметар од 1365.7911 м.

Границата на конкретниот плански опфат за **Нацрт планот за Детален урбанистички план за Урбан Блок 9.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип,** дефинирана за плански период (2024-2029) е во рамките на градежниот реон на Град Пробиштип и согласно Генералниот урбанистички план на Град Пробиштип од 1997 година, за период 1995-2005 (Одлука бр.08-335/2 од 03.10.1997 г.) Сл.гласник на Општина Пробиштип бр.9/1997 год., Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26 и 134/26 год.) и планската програма, предвидени основни класи на намена со поединечни во рамките на опфатот се:

- **А – ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ**
  -А1-Домување во куќи
- **Б – ДЕЛОВНИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ НАМЕНИ**
  -Б2- Големи единици за трговија
- **В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ**
  -В1 – Образование и наука – В1.1-Основно образование
- **Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ**
  -Д1-Парковско и пејсажно зеленило
  -Д2-Заштитно и сообраќајно зеленило
- **Е - ИНФРАСТРУКТУРА**
  -Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури
  -Е1.4 – Хидротехнички инфраструктури
  -Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија

Како главна намена која доминира во рамки на планскиот опфат се јавува основната класа на **намена -А1-Домување во куќи,** во рамките на опфатот предвидени се **41** градежна парцела, со можност за вградување на компатабилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26 и бр.134/26 год.).

Планската документација е изработена во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ"бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26 и бр.212/26 год.) и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26 и 134/26 год.).

ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА
со стручно презентирање на
Нацрт планот за Детален урбанистички план за Урбан Блок 9.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со **Тех.Број 136/2024 од Март 2025**, изработен од Институт за

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.1*2210 Пробиштип
Тел.:032/483-131; факс:032/483-047
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk

урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе се одржи на ден **11.12.2026 год.** (петок), со почеток во **11.30** часот во салата на Советот на Општина Пробиштип, во Домот на културата - Пробиштип.

ЈАВНА АНКЕТА

По Нацрт планот за Детален урбанистички план за Урбан Блок 9.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со **Тех.Број 136/2024 од Март 2025,** изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе трае **30** (триесет) **дена** и во електронска и во писмена форма, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип, во периодот од **24.11.2026 год.** до **23.12.2026 год.**, во кој период заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на **анкетните листови**, кои можат да ги подигнат од Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, и од ***web*** страната на Општина Пробиштип, или во електронска форма преку информацискиот систем ***e-urbanizam.*** Во прилог на анкетните листови да се достави копие од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

Графичкиот прилог од **Нацрт планот за Детален урбанистички план за Урбан Блок 9.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, ќе биде изложен на огласна табла пред влезот на Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, објавен во информацискиот систем ***e-urbanizam*** и на ***web*** страната на Општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, како и на јавно место на предметната локација на опфатот на Урбан Блок 9.1 м.в.Калниште (Старо школо), а подетални информации во врска со горенаведениот план може да се добијат во Одделението за урбанизам на Општина Пробиштип, кое се наоѓа во просториите на зградата на кино салата на вториот кат.

Изготвил: Ј.Дукоска JORDANKA DUKOSKA Digitally signed by JORDANKA DUKOSKA Date: 2026.11.24 08:51:49 +01'00'
Одобрил: Б.Станојковски

BRANKO STANOJKOVSKI Digitally signed by BRANKO STANOJKOVSKI Date: 2026.11.24 13:37:45 +01'00'

м.п.

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Градоначалник,
Тони Тоневски

Toni Tonevski Digitally signed by Toni Tonevski Date: 2026.11.24 14:19:11 +01'00'